

# ОБРАСЦИ ЗА ПРИМЕНА

## П Р И Р А Ч Н И К

**со обрасци од административно-канцелариски и правни работи**

Црвен крст на Република Македонија

ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# **П Р И Р А Ч Н И К**

## **со обрасци од административно-канцелариски и правни работи**

Почитувани корисници,

Овој документ претставува запознавање со одредени обрасци и акти од административно-канцелариски и правни работи и дава голема поддршка на работникот во процесот на работа.

Во овој прирачник се претставени дел од обрасци кои најчесто се користат и со кои секојдневно се среќаваме во работењето.

Не се земени предвид обрасците од административна природа кои се подложни на одредена или честа промена (пр.барање за сл.возило, превод, одобрение и др.).

Бројните примери на договори, решенија, одлуки и други обрасци од областа на работните односи и канцелариското работење корисно ќе послужат во практичната реализација за полесна и поефикасна примена.

Во изготвување на истите се користени законски и други прописи и интерни акти.

Со почит,

**Скопје, 2014 година**

**Подготвил,**

Самостоен стручен соработник за административно-правни работи

**Виолета Кузманоска, дипл.правник**

**ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# ОБРАСЦИ ЗА ПРИМЕНА

**РЕШЕНИЈА**

**Образец 1**

Врз основа на Пријавата за потреба од работник бр. ______________од _________ година, Генералниот секретар на ден _______________ година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за прием на работник на (не) определено работно време**

1. За вршење на работи и работни задачи: ______________________________________________________________________ __во секторот за програми во стручната служба на Црвениот крст на Република Македонија-Скопје, се заснива работен однос со лицето ______________________.

1. Работникот ќе заснива работен однос на **(не)** определено работно време во траење од 12 (дванаесет) месеци , сметано од ___________ до _________________________

2. Работниот однос се заснова со објавување на оглас во Агенцијата за вработување на РМ и склучување на договор за вработување на определено време со работникот.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Потребата од засновање на работен однос на **(не)** определено работно време во траење од 12 (дванаесет) месеци поради работа на проект е обезбедена по пат на јавен оглас, објавен во Агенцијата за вработување на РМ. На огласот навремено и со потребните документи според наведените услови се пријави како единствен кандидат лицето _________________, па се донесе решение како во диспозитивот.

Генерален секретар

_______________________

Доставено:

- работникот
- сектор за поддршка;
- одделение за финансии;
- архива

**Образец 2**

Врз основа на член ______ од Законот за работни односи и одредби на колективни договори, Генералниот секретар на Црвениот крст на Република Македонија на ден __________ година донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

### за користење на платен одмор

1. На работникот _______________ вработен во стручната служба на Црвениот крст на Република Македонија-Скопје, му се одобрува платен одмор во траење од _____________работен ден на _________ година.

2. Отсуството од работа во наведените денови се користи по основ брак, селидба, смрт и.тн) на работникот.

3. Отсуството се користи на денот на траењето на основот врз основа на кој се остварува, без оглед на барањето на процесот на работа.

4. Решението стапува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Работникот _____________на ______година најави отсуство од работа во стручната служба на Црвениот крст на РМ поради__________. Согласно одредбите од Законот за работни односи и колективни договори работникот има право на платен одмор заради семејни причини, за што се донесе решение како во диспозитивот.

Генерален секретар

______________________

ДН:

- работникот;
- одделение за финансии;
- архива

**Образец 3**

Врз основа на Одлуката за исплата на јубилејна награда ( бр.________ од _________ година) Генералниот секретар ____________ на ден __________ година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за исплата на надоместок за јубилејна награда**

1. На работникот ________________, вработен во стручната служба на Црвен крст на РМ ______________ да се исплати надоместок за јубилејна награда (пр.10 (десет)) години непрекинат работен однос во стручната служба на ЦРвен крст на РМ.

2. Висината на паричниот износ за исплата на јубилејна награда претставува просечна исплатена нето плата по работник во Република Македонија за последните три месеци.

3. Се задолжува одделението за финансии да го реализира решението.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Работникот е со заснован непрекинат работен однос на неопределено работно време од __________________ година во стручната служба на Црвен крст на РМ со што го оствари правото за исплата на паричен надоместок за јубилејна награда за 10 години работа кај ист работодавец, па се одлучи како во диспозитивот на решението.

Генерален секретар

_________________

ДН:

- работникот;
- одделение за финансии;
- архива

**Образец 4**

Врз основа на член __ и ___ од Законот за работни односи и Одлуката на Извршниот одбор на Црвениот крст на РМ за критериуми за определување на траење на годишниот одмор, Генералниот секретар на Црвениот крст на Република Македонија издава

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за правото на користење на годишен одмор за ____ година**

Работникот__________________, на работно место ____________________________________ во стручната служба на Црвениот крст на РМ, има право на користење на годишен одмор за ___________ год. во траење од __________ дена, а кое е определено врз основа на следните критериуми:

**Пример**

| | | |
|---|---|---|
| 1. Работен однос | 20 | работни дена |
| 2. Должина на работно искуство | 1 | # |
| 3. Сложеност на работа | 1 | # |
| ВКУПНО | 22 | работни дена |

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно цитираните одредби од Законот за работни односи, работникот има право на годишен одмор во траење од најмалку 20 работни дена, а најмногу 26 работни дена.

Траењето на годишниот одмор на работникот за ______ год. е определено врз основа на горенаведените критериуми.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе приговор до Извршниот одбор на Собранието на Црвениот крст на Македонија во рок од 8 дена, сметано од денот на приемот на ова решение.

Генерален секретар

______________________

Дата на прием _________ год.

Доставено:- - работникот _____________

- архива

**Образец 5**

До

_______________________________________

**Б А Р А Њ Е**

**за користење на годишен одмор**

Од работникот _________________________________________

вработен во стручната служба на Црвениот крст на Република Македонија - Скопје.

Барам да ми се одобри користење на годишен одмор за 20___ година за периодот од _______ 20_____ до _______ 20__ година.

На работа ќе стапам на ден_______ 20 __ година.

Подносител,

Скопје, _______ 20__ год. ________________

**Образец 6**

Согласно член ____ од Законот за работни односи - пречистен текст ( Сл. Весник на РМ бр. ________) Генералниот секретар на Црвениот крст на Република Македонија на ден ________ 20___ година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за користење на годишен одмор**

На работникот ___________________________________, врз основа на поднесеното барање, му се одобрува користење на годишен одмор од ________ 20___ до _______20___ во траење од _____ работни дена, за 20___ година.

Работникот да се јави на работа на _______ 20___ година.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

На работникот му се одобрува користење на годишен одмор согласно цитираната одредба од ЗРО, како и поднесеното барање за користење на годишен одмор.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе приговор до Извршниот одбор на Црвениот крст на Република Македонија во рок од 8 (осум) дена, сметано од денот на приемот на ова решение.

Изготвил: ___________________;

Одобрил: _________________, раководител на сектор

Генерален секретар

____________________

Доставено- работникот_____________;

- сектор за поддршка;
- сектор за програми;
- одделение за финансии;
- архива

**Образец 7**

Врз основа на член __ и ____ од Статутот на Црвениот крст на Република Македонија, Генералниот секретар на Црвениот крст на Република Македонија на ден ___________година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за формирање комисија за примопредавање на документи и основни средства со работник во стручната службата на Црвен крст на РМ - Скопје**

1. Се формира комисија од стручната служба во состав:

________________________________

____________________________________

Во отсуство на одредени членови од комисијата, другите членови ја преземаат обврската за примопредавање.

2. Комисијата има задача да изврши примопредавање на документи, основни средства и др. со работникот ______________на кој му престанува Договорот за вработување заклучно со ________________година.
3. Комисијата и работникот да го извршат примопредавањето во деновите _____________во просториите на Црвениот крст на РМ и за истото поединечно да состават записник за одредени раздолжувања (пр. Документи легитимации, картички) со потпишување од двете страни.
4. Записникот се доставува до Генералниот секретар на Црвен крст на РМ.
5. Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Потребата од донесување на ова решение е резултат на раскинување на Договорот за вработување со ___________________заклучно со _______________година, работник во стручната служба на Црвениот крст на РМ - Скопје.

Генерален секретар

ДН ______________________

- членови на комисија________________

- работник _________________________

- архива

**Образец 8**

Врз основа на член __ и ___ од Статутот на Црвениот крст на Република Македонија, Генералниот секретар на Црвениот крст на Република Македонија на ден __________година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за определување на членови во работна група за (опис) ________________________на Црвениот крст на Република Македонија**

1. За членови во работната група се определуваат:

____________________________________________________

____________________________________________________

____________________________________________________

2.Работната група има задача да____________________________________

3.Работната група за својата работа треба да изготви Извештај (Информација, или План)со динамика на реализација на своите активности во рок од _____________ од денот на донесувањето на ова решение и го достави до Генералниот секретар на Црвен крст на РМ.

4. Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Потребата од донесување на ова решение се наметна како резултат на ________________________________________________________________________

Доставено: Генерален секретар

____________________

- членови на работна група

___________________________

____________________________

**Образец 9**

Врз основа на член ________ од Статутот на ______________ а согласно член ________ од Законот за работни односи, Генералниот секретар_________ на ден __________година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за изрекување на парична казна**

1. На работникот ________________ распореден на работно место - ______________________________ се изрекува мерка - парична казна.

2. Паричната казна е во висина од (**пр. 10%**) од последната исплатена месечна плата на работникот во траење од **(пр. 1 (еден ) месец).**

3. Ова решение да се примени со исплатата на платата за месец __________ ______________година.

4. Се задолжува одделението за финансии да го реализира ова решение.

5. Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Работникот_____________________________________________________________

______________________________________________________________________

**Правна поука:** Против ова решение, работникот има право на приговор во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на истото до Извршниот одбор на Црвен крст на РМ .

Генерален секретар

___________________________

Доставено:

- работникот _____________;
- финансии;
- Архива

**Образец 10**

Врз основа на член ___ и ___ од Статутот на Црвениот крст на РМ, а согласно одредбите од Правилникот за утврдување и исплата на плата и надоместоци на плата на Црвениот крст на РМ, Генералниот секретар на Црвениот крст на Република Македонија на ден _____________година донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

### за исплата на паричен надомест

1. Се исплатува паричен надомест на работникот распореден на работното место ______________________________________________________во стручната служба на Црвен крст на Република Македонија - Скопје.

2. Надоместокот во висина на **(пр.10%)** на нето плататата на работникот, се исплатува како награда за редовно и успешно извршување на работните задачи од своето работно место и други дополнителни работи по непосредно задолжение.

3. Се задолжува одделението за финансии да го реализира ова решение.

4. Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

### Образложение

Работникот __________со особен успех ги извршува задачите кои произлегуваат од работното место како и други дополнителни работи по непосредно задолжение, па се реши како во диспозитивот.

Генерален секретар

_____________________

Доставено:

-работникот_________________

-одделение за финансии

**Образец 11**

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**

До

Работникот ________________________________________

Стручната служба на Црвен крст на РМ

ПРЕДМЕТ: ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

Ве предупредувам дека имам известување и лично сознание дека и покрај тоа што Ви се обезбедени потребните услови за работа и Ви се дадени соодветни упатства во врска со работата, сепак на нив и на договорот за вработување не се придржувате и тоа се повторува.

Имено, ____________________________________________________________________________

___________________________________________________________________(се наведува сознанието или точно лоциран проблем)

Со тоа се намалува Вашата ефикасност во работата, _________________ со што го кршите работниот ред и дисциплина и согласно чл.__ ст.1 т.1 и т.7 од ЗРО, поради што може да Ви се откаже договорот за вработување.

Поради ова не сум задоволен од начинот на извршувањето на работните обврски од Ваша страна, па Ви оставам време од 30 дена и согласно чл.80 од ЗРО Ве предупредувам да го подобрите својот однос кон работата, а во спротивно ќе се постапи согласно Законот.

Во Ваш интерес е во наредниот период од 30 дена да го поправите својот однос кон работните обврски, а ако и после тој рок не го подобрите своето работење по Ваша вина ќе Ви биде откажан договорот за вработување и ќе Ви престане работниот однос.

Скопје, ____________

Генерален секретар

________________________

ДН ______________________

**МЕМОРАНДУМ И ДОГОВОРИ**

**Образец 1**

## МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

## ПОМЕЃУ

## ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## И

__________________________________________

Црвениот крст на Република Македонија и ________________________________ во натамошниот текст наречени *Договорни страни*,

со желба да ги регулираат взаемните односи во областа на (опис пр: крводарителството), а во согласност со важечкото законодавство и интерните акти, се договорија како што следи:

## ДЕЛ I

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### 1. Дефиниции

Член 1

При примената на овој меморандум, долунаведените изрази значат:

1.*важечко законодавство*: закони и други прописи кои се однесуваат на конкретни активности;

2. *интерни акти* : акти донесени од страна на договорните страни;

### 2. Генерална цел

Член 2

Да се обезбеди координација во делувањето помеѓу двете институции за реализација на програми од областа на крводарителство, прва помош, здравствено-превентивни активности, социјално-хуманитарна дејност, дисеминација на МХП, подготвеност и одговор при катастрофи, имајќи ги во предвид пред сé потребите на ранливите категории на граѓани.

## ДЕЛ II

## ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

**Специфични цели**

Член 3

1. **Крводарителство**

Промовирање на доброволно крводарување и организирање на крводарителски акции.

2. **Прва помош**

Реализирање на активности од првата помош поради позитивните импликации кои таа ги има во секојдневниот живот, во услови на катастрофи, во превенција на заболувања и пред сé во промоција на здраво и сигурно однесување на членовите во заедницата.

3. **Здравствено-превентивни активности**

Учество во заеднички кампањи за промоција на здравствено превентивни и хуманитарни активности за подигање на свеста на граѓаните за социјална одговорност во заедницата.

4. **Социјално-хуманитарна дејност**

Реализирање на активности насочени кон превенција, поддршка и помош на различни целни групи на население, со цел да се намали нивната ранливост и да се зголемат капацитетите за справување со одредени социјални ризици.

5. **Дисеминација на МХП**

Промовирање на МХП и Меѓународното движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина преку реализирање на едукативни активности.

**6. Подготвеност и одговор при катастрофи**

Соработка и учество во активности од превенција, рано предупредување и справување со ризици и опасности кои можат да го загрозат животот и здравјето на луѓето, материјалните, културните и природните добра, со цел подигање на јавната свест кај општата популација и образовните институции.

Член 4

Договорните страни преку реализација на програмите што се од заеднички интерес, ќе обезбедат:

- идентификување и намалување на ранливоста;

- намалување на ризикот на изложеност;

- ублажување и отстранување на последици од елементарни непогоди и други несреќи;

- едукација на целни групи и

- помагање на институциите и организациите од јавен интерес.

Член 5

Страните од овој меморандум, ќе обезбедат меѓусебна соработка, внатрешна поддршка и соработка со други институции и организации, вклучувајќи:

- Координираност во имплементацијата на активностите;

- Меѓусебно информирање и известување.

**ДЕЛ III**

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 6

Овој меморандум за соработка се склучува на неопределен период.

Член 7

Меморандумот влегува во сила со денот на потпишувањето.

Член 8

Во случај на било каков спор и тешкотија во имплементација на одредбите на овој меморандум, страните веднаш меѓусебно се консултираат. Доколку било која од страните одлучи да го прекине меморандумот за соработка, тоа мора да се направи со формално писмено известување до другата страна, ___ месеци однапред, наведувајќи ја причината.

Член 9

Овој меморандум е потпишан и печатиран во 4 (четири) еднообразни примероци, од кои по 2 (две) за секоја договорна страна.

Скопје ___________ 20_

зе Црвен крст на РМ ________________________
Генерален секретар, _________________________,

________________ ________________

____________________________ ________________________

**Образец 2**

Врз основа на член _ _ _ _ од Законот за работни односи (Сл.Весник на РМ бр __________година) во просториите на Црвениот крст на Република Македонија - Скопје, договорните страни:

1. Црвениот крст на Република Македонија, Бул.Кочо Рацин бр.13 Скопје, општина Центар, со МБС 4064216 и регистерски број 4836005894, застапуван од Саит Саити Генерален секретар (во понатамошниот текст: работодавач) и

2. ______________________________ ул. ____________ бр. ______________ со л.к. бр. ________________, со ЕМБГ ____________________ (во понатамошниот текст: работник) на ден __________година го склучија следниот

ДОГОВОР ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Член 1

Со овој Договор за вработување (во натамошниот текст: Договор) се уредува работниот однос помеѓу работникот и Црвениот крст на Република Македонија со кој се уредуваат правата, обврските и одговорностите на договорните страни кои произлегуваат од работниот однос.

Договорот се склучува на **(не )определено** работно време во траење од ________________.

Член 2

Договорните страни при утврдување на правата, обврските и одговорностите од работен однос должни се да ги почитуваат одредбите од Законот за работни односи и другите закони и интерни акти на работодавачот.

Член 3

Со овој Договор работникот ги извршува работните задачи од работното место ______________________________________Работните задачи одговараат на стручната подготовка на работникот и истите се утврдени во Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во стручната служба на Црвениот крст на РМ – Скопје.

Член 4

**Работникот е должен до крајот на м.Ноември во тековната година да изготви индивидуален План за неговата работа за наредната година (променливо),** што може и да се надополнува, што треба да се прифати од неговиот непосреден раководител, кој ја следи реализацијата на истото, а во случај на несовесно работење и несоодветно однесување не се реализира истата во поголем дел ќе се смета дека кај него постои недостаток на знаење и можности и не е способен за извршување на договорните работни обврски и задачи и може да му се откаже договорот за вработување

Работникот е должен да врши и друга работа која не е предвидена со овој Договор, ако е во рамките на степенот на неговата стручна подготовка, во случаите определени со Законот и акт на работодавачот.

Член 5

Работникот работните задачи од член 3 на овој Договор ќе ги извршува во деловните простории на работодавачот.

Член 6

Работното време на работникот изнесува 40 часа во работната недела, (полно работно време).

Распоредот на работното време (почетокот и крајот на дневното работно време, дневниот и неделниот одмор) го утврдува работодавачот.

Во зависност од организацијата на работата, природата на работите и работните задачи или потребите на корисниците, работадавачот го задржува правото согласно Законот за работни односи и актите на работодавачот, да изврши распределба и прераспределба на полното работно време на работникот.

Член 7

Работникот има право на дневна пауза, неделен и годишен одмор, согласно со Законот за работните односи и интерниот акт и тоа: дневна пауза во траење од 30 минути во текот на дневната работа, неделен одмор по правило во деновите сабота и недела и годишен одмор во траење кое се определува со посебно решение за правото на користење на годишен одмор, кое се издава секоја година, согласно Законот.

Член 8

Работникот има право на отсуство од работа со надомест или без надомест на плата согласно Законот за работни односи.

Член 9

Работникот има право на бруто плата која се состои од нето плата, додатоци и надоместоци од плата за трошоци поврзани со работа, согласно Законот, колективен договор и посебен акт на работодавачот.

Висината на бруто платата на работникот месечно изнесува _____________денари.

Член 10

Платата на работникот може да се промени согласно случаите утврдени

во интерниот акт на работодавачот и овој Договор.

Секоја промена на фактичката состојба кај работникот во делот на платата утврдена со склучување на овој Договор, а предизвикана со склучување на нов Договор или Анекс на Договорот за вработување за ново работно место, или со промена на платата на начин утврден со интерните акти на работодавачот и овој Договор, се уредува со склучување на нов акт, Договор или Анекс за изменување и дополнување на договорот за вработување помеѓу работникот и работодавачот.

Член 11

При склучувањето на овој Договор работодавачот е должен работникот:

- да го запознае со работата и условите за работа, правата и обврските на работникот поврзани со вршењето на работата и другите права и обврски од работниот однос согласно законот и актите на работодавачот;

- да му обезбеди потребни средства и работен материјал, да

може непречено да ги исполнува своите обврски;

- да го запознае и обезбеди услови за безбедност на неговиот живот

и здравје во согласност со прописите за заштита при работа;

- да го запознае со правилата за работниот ред и дисциплина; и

-да му ги обезбеди правата утврдени со закон и акти на работодавачот;

- да му обезбеди соодветно плаќање за вршењето на работата во

согласност со Закон, акт на работодавачот и овој договор;

Член 12

Со склучување на овој Договор работникот е должен:

- покрај обезбедената работа од работодавецот, да иницира и презема активности за договарање и обезбедување работа согласно индивидуалниот План за неговата работа за наредната година

- работите да ги извршува совесно, навремено и квалитетно почитувајќи ја

организацијата на работата и деловната активност на работодавачот;

- да ги почитува општите и поединечните акти, наредби, упатства

налози, одлуки и други акти на работодавачот во врска со исполнувањето на работните обврски од работниот однос;

- средствата за работа да ги користи економично, целесообразно и

одговорно и да се воздржува од постапки кои се штетни за угледот и би го повредиле интересот на работодавачот;

- да се придржува кон пропишаното работно време;

- да ги почитува и спроведува прописите за заштита при работа и пропишаните мерки за безбедност и здравје при работа;

- не смее да ги користи за своја сопствена употреба или да ги пренесе на трето лице податоците што му биле доверени на работникот или со кои бил запознаен на друг начин, а особено тие кои се сметаат за деловна тајна;

- да работи на своето образование и стручно усовршување за потребите на работодавачот;

- да го известува работодавачот за сите заканувачки опасности по животот и здравјето или за настанување на материјална штета што ги дознал при работа и

- да ги исполнува сите други обврски превземени со овој Договор и утврдени во Закон и интерни акти на работадавачот.

Член 13

Општи акти на работодавачот со кои се опрелени условите за работа на работникот и критериумите за исплата на плата се:

- Правилник за внатрешна организација и систематизација на

работните места во стручната служба на Црвениот крст на РМ;

- Кодекс за деловна етика, однесување и надминување на конфликт на интереси на вработените во Организацијата на Црвен крст на РМ;

- Правила за работен ред и дисциплина во стручната служба на Црвен крст на РМ;

- Правилник за утврдување и исплата на плата и надоместоци на плата.

Член 14

Работникот и работодавачот можат да го откажат овој Договор во случаи определени со Законот за работни односи и актите на работодавецот.

Член 15

Договорот е склучен со денот на потпишување од двете страни, а се применува од ________________година ( и е со важност заклучно со _______________година.)

Член 16

Со склучувањето на овој Договор престанува да важи Договорот за вработување склучен помеѓу договорните страни под бр. __________ од ___________година.

Член 17

Овој договор е склучен во 3 (три) еднакви примероци, од кои еден за работникот и два за потребите на работодавачот.

Работник | Генерален секретар

___________________________ | _____________________

**Образец 3**

# Д О Г О В О Р

## З А ПОВРЕМЕНО И ПРИВРЕМЕНО АНГАЖИРАЊЕ

Склучен на ден _________. година помеѓу:
Црвен крст на Република Македонија, со седиште во Скопје на Булевар Кочо Рацин беој 13, што го застапува _______________________ ( во понатамошниот текст - нарачател на работата) од една страна и
______________ од Скопје со со адреса ул. ______________, општина ____________ и лична карта број ______________, (во понатамошниот текст - извршител на работата) од друга страна, се договорија за следното.

Член 1

Нарачателот на работата му доверува на извршителот, да за негови потреби, ги изврши следните работи:
___________________________________________________, согласно проектот за _________________________, подржан од _________________________.

Член 2

Црвен Крст на Република Македонија се обврзува на извршителот на работата да му исплати надоместоик за извршената работа во висина од вкупно ____________,00 нето износ денари односно во бруто износ _____________ денари, веднаш по успешно завршената работа. Персоналниот данок ќе се прерсмета согласно Законот за перонален данок од доход.

Член 3

Во случај на спор на овој договор, странките спогодбено ќе се договорат, а во спротивно ќе решава надлежниот суд во Скопје.

Член 4

Овој договор е составен во 2 еднакви примероци, од кои по еден за договорените странки.

Скопје _______________

| Извршител на работата | Нарачател на работата |
| --- | --- |
| ______________________________ | ______________________________ |

**Образец 4**

**Д О Г О В О Р**

**за купопродажба на возило**

Склучен на ден ________________________

1. Црвен крст на Република Македонија, Бул. Кочо Рацин бр. 13 со седиште во Скопје, жиро/ска 300000000882736, даночен број 4030984271620, депонент Комерцијална банка, Скопје, застапуван од Генералниот секретар _________________, од една страна како продавач,

2. ______________ од _________ со адреса на ул. _______ бр. __ во ______, лична карта рег.бр. _________ издадена од СВР Скопје ,(ако е приватно лице) односно с/ка , даночен број и депонент (ако е правно лице) од друга страна како купувач.

ДОГОВОРНИТЕ СТРАНИ СЕ ДОГОВОРИЈА ЗА СЛЕДНОТО:

Член 1

Продавачот продава моторното возило кое е во негова сопственост, а ги има следните податоци:

Вид _______ марка ______ тип ________, бр.шасија ________________ , бр.мотор _______, сила на мотор во КЊ (КС) ___, год.производство ____, работна зафатнина на моторот во цм3 ________ и регистерска ознака СК - __ - ___.

Член 2

Продавачот го продава опишаното возило од член 1 од овој договор за купопродажна цена во висина од __________ денари, постигната во постапка со јавна лицитација одржана на ___________(или со непосредна спогодба).

Член 3

Купувачот го купува опишаното возило од член 1 на овој договор за договорената купопродажна цена која ќе ја исплати на продавачот во целост до заверката на договорот.

Член 4

Договорот потпишан од страна на договорните страни се заверува од страна на нотар, а трошоците за заверка на договорот паѓаат на терет на купувачот.

Член 5

Со потпишувањето и заверка на договорот, купувачот го презема моторното возило во сопственост и владение.

Член 6

Договорните страни се согласија моторното возило да биде купено по клаузулата "купено-видено", а исто така се откажаа од раскинување на договорот по кој и да е друг основ.

Член 7

Договорните страни се договорија да по заверката на потписите од страна на нотарот, купувачот ги презема сите права и обврски од користењето и управувањето на моторното возило односно купувачот станува исклучив сопственик и владетел на моторното возило

Член 8

Овој договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои по 12 (два) примерока за секоја договорна страна.

ПРОДАВАЧ КУПУВАЧ

Црвен крст на Република Македонија

________________________________ ______________________

__________________________________ ____________________

**Образец 5**

**Д О Г О В О Р**

**за издавање на недвижен простор под закуп**

Склучен на ден ___._______.година во Скопје помеѓу

1. Црвен крст на Република Македонија Бул. “Кочо Рацин”, бр. 13 - Скопје, жиро сметка 300000000882736, даночен број 4030984271620 депонент Комерцијална банка Скопје, застапуван од Саит Саити Генерален секретар, како ЗАКУПОДАВАЧ
2. ______________ од _________ со адреса на ул. _______ бр. __ во ______, лична карта рег.бр. _________ издадена од СВР Скопје ,(ако е приватно лице) односно с/ка , даночен број и депонент (ако е правно лице) од друга страна како купувач., како ЗАКУПЕЦ

**Договорните страни се договорија за следното:**

Член 1

Предмет на овој Договор за издавање на недвижност простор под закуп (во натамошниот текст: Договор) е регулирање на меѓусебните права и обврски на договорните страни во врска со издавање на недвижност простор под закуп, сопственост на закуподавачот КП ______КО _________по Имотен лист бр. _________со внатрешна површина од __________ м2 и двор на КП _____ КО ___________по Имотен лист бр ______ двор со површина од _______ м2 и земјиште под објект со површина од __________ м2.

Закуподавачот му ја издава недвижноста на закупецот во исправна состојба, а за вршење на негови потреби.

Член 2

Закупецот недвижноста ќе ја чува и употребува како добар домаќин, и не може да ја издава во подзакуп, а може да презема градежни работи во согласност со закуподавачот, кои по престанок на закупот стануваат сопственост на закуподавачот.

Член 3

Двете договорни страни се договорија дека недвижноста се издава под закуп за одредено време од _________ години односно од ____________година а заклучно со ___________година. со можност за продолжување, доколку закуподавачот одлучи а закупецот редовно ги измирува своите обврски и ги прифати понудените услови на закуподавачот.

Член 4

Со овој договор закуподавачот му ја издава наведената недвижност опишана во член 1 на овој договор за месечна закупнина од __________ (денари) или евра во денарска противвредност по среден курс на НБРМ на денот на плаќањето.

Закупнината се плаќа месечно однапред најдоцна до десеттиот ден во месецот за тековниот месец.

Со потпишување на Договорот закупецот уплаќа од __________ (денари) или евра во денарска противвредност по среден курс на НБРМ на денот на плаќањето на име депозит за неплатени сметки и надомест на трошоци и оштетувања.

По истекот на закупот депозитот се враќа на закупецот по подмирување на неплатени сметки, трошоци и оштетувања .

Член 5

Закупецот е должен да ги сноси сите трошоци во врска со користењето и тековното одржување на недвижноста како и да ги плаќа сметките за струја и вода навремено и за тоа го известува закуподавачот.

Член 6

